**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Одделение за стратешко планирање**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА
# ЗА 2026 ГОДИНА

**Април 2026 година**

Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Годишниот план за работа на Министерството за финансии за 2026 година е подготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/19) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/18).

Планот претставува операционализација на мерките и активностите од првата година, содржани во Стратешкиот план на Министерството за финансии 2026–2028 година, коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за финансии и на Владата на Република Северна Македонија.

Во првиот дел е даден краток преглед на програмите и потпрограмите, нивните цели и поврзаноста со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата за 2024–2028 година, како и со приоритетите и целите на Министерството за финансии. Понатаму, програмите се разработени преку потпрограми за кои се дадени показатели на успешност, конкретни активности, временска рамка, финансиски средства и организациски облици.

Во вториот дел од Годишниот план е даден Преглед на иницијативите на Министерството за финансии содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, а во третиот дел мерките и активностите што произлегуваат од работата на Министерството за финансии, односно мерките што не се составен дел на Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2026–2028 година.

Со силна посветеност на вработените во нашата институција подготвени сме успешно да го реализираме овој план и со тоа да придонесеме кон остварувањето на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата, препознатлива по ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и отчетноста во спроведувањето на нејзините политики.

**Скопје,**
**април 2026 година**

**Министерство за финансии**
**Министер**
**м-р Гордана Димитриеска-Кочоска**

# СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** ..... 5
**1.1 МИСИЈА** ..... 5
**1.2 ВИЗИЈА** ..... 6
**1.3 ПРОГРАМИ** ..... 6
**2. ПЛАН ЗА РАБОТА** ..... 9
**А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа** ..... 9
**2.1 ПРОГРАМА: Администрација и поддршка** ..... 9
2.1.1 ПОТПРОГРАМА: Правни работи ..... 10
2.1.2 ПОТПРОГРАМА: Општи работи ..... 11
2.1.3 ПОТПРОГРАМА: Човечки ресурси ..... 12
2.1.4 ПОТПРОГРАМА: Финансиски прашања ..... 13
2.1.5 ПОТПРОГРАМА: Внатрешна ревизија ..... 14
2.1.6 ПОТПРОГРАМА: ИК технологија и дигитализација ..... 15
2.1.7 ПОТПРОГРАМА: Стратешко планирање ..... 16
2.1.8 ПОТПРОГРАМА: Академија за јавни финансии ..... 18
**2.2 ПРОГРАМА: Економска политика и развој** ..... 21
2.2.1 ПОТПРОГРАМА: Макроекономски политики ..... 22
2.2.2 ПОТПРОГРАМА: Развојни проекти ..... 25
**2.3 ПРОГРАМА: Буџет, трезор, јавен долг и јавни претпријатија** ..... 26
2.3.1 ПОТПРОГРАМА: Буџети и фондови ..... 27
2.3.2 ПОТПРОГРАМА: Трезор ..... 29
2.3.3 ПОТПРОГРАМА: Управување со јавен долг ..... 32
2.3.4 ПОТПРОГРАМА: Следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија ..... 34
**2.4 ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика** ..... 36
2.4.1 ПОТПРОГРАМА: Политика за јавни приходи од акцизи ..... 37
2.4.2 ПОТПРОГРАМА: Даночна политика ..... 38
2.4.3 ПОТПРОГРАМА: Царинска политика ..... 39
**2.5 ПРОГРАМА: Финансиски систем** ..... 41
2.5.1 ПОТПРОГРАМА: Банкарски институции ..... 42
2.5.2 ПОТПРОГРАМА: Следење и надзор над работата на небанкарските институции ..... 43
2.5.3 ПОТПРОГРАМА: Пазар на капитал ..... 44
2.5.4 ПОТПРОГРАМА: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања ..... 45
2.5.5 ПОТПРОГРАМА: Игри на среќа и забавни игри ..... 46
2.5.6 ПОТПРОГРАМА: Систем на осигурување и реосигурување ..... 46

**2.6 ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија........................... 47**

2.6.1 ПОТПРОГРАМА: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА ........................................................................................................................ 49

2.6.2 ПОТПРОГРАМА: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)................... 51

2.6.3 ПОТПРОГРАМА: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција 52

2.6.4 ПОТПРОГРАМА: Меѓународни финансиски односи ..................................................... 54

2.6.5 ПОТПРОГРАМА: Управување со јавни инвестиции ...................................................... 55

**2.7 ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола, финансиска инспекција во јавниот сектор и Државен девизен инспекторат.................................................................. 57**

2.7.1 ПОТПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола............................................ 58

2.7.2 ПОТПРОГРАМА: Финансиска инспекција во јавниот сектор ........................................ 61

2.7.3 ПОТПРОГРАМА: Државен девизен инспекторат............................................................ 63

**2.8 ПРОГРАМА: Управување со државни средства.......................................................................64**

2.8.1 ПОТПРОГРАМА: Нормативно имотноправни и облигациони работи .......................... 65

2.8.2 ПОТПРОГРАМА: Наплата на побарувања од должниците............................................. 66

**Б. Иницијативи на органот на државната управа утврдени во Годишната програма за работа на Владата за 2026 година.................................................................................... 67**

**В. Мерки и активности што произлегуваат од работата на органот на државната управа71**

# 1. ВОВЕД

Главна цел на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и развој и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, како и да креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем кој ќе стимулира фер и одржлив економски раст и развој во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија, со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика, Стратегијата за управување со јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата доделени од Европската Унија и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и другите стратешки документи за европска интеграција.

Во Министерството за финансии се воспоставени главните структури за децентрализирано/индиректно управување со средствата од ЕУ – ИПА (Надлежен координатор за акредитација за ИПА 1, Национален координатор за авторизација и Програмски службеник за авторизација (ИПА 1)/раководител на оперативната структура), коишто ја преземаат крајната одговорност за ефикасно и ефективно финансиско управување со средствата од претпристапните фондови од ЕУ – ИПА, во согласност со овластувањата што произлегуваат од склучените договори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Европската комисија. Исто така, во рамките на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средства воспоставено е Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средствата – АФКОС со цел ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на ЕУ и националните финансиски интереси преку подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки, јавната внатрешна финансиска контрола, а се поврзани и со активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на: Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција и Бирото за јавни набавки - органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотноправни работи и Државен девизен инспекторат, како органи во состав на Министерството за финансии.

## 1.1 МИСИЈА

Мисијата на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да се постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 1.2 ВИЗИЈА

Визијата на Министерството за финансии е со реализација на прогресивни идеи од својот домен да придонесе за зајакнување на функционалната пазарна економија која се темели на знаење, иновации и одржлив развој.

## 1.3 ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа е подготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање, Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024–2028 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот и на Годишниот план за работа, за период од една година, во кој се операционализирани мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на Стратешкиот план.

Во 2026 година, Министерството за финансии во рамките на своите законски надлежности ќе ги реализира следниве програми со мерки и активности коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии содржани во Одлуката за за дополнување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024–2028 година:

- обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;
- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард и подобар и поквалитетен живот за секого;
- унапредување на националната одбранбена политика и на планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност;
- интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;
- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и на стартап екосистем;
- создавање амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.

За остварување на наведените стратешки приоритети Министерството за финансии презема мерки што ќе придонесат за нивна реализација, притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;
- подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватна иницијатива и инвестиции;
- унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
- подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините;
- зголемување на енергетската ефикасност на јавните објекти, домаќинствата, индустријата, гасификација на домаќинствата, стопанството и јавниот сектор;
- ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;
- подобрување на законската институционална и оперативна рамка за превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија;
- зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола;
- стручна, професионална и департизирана администрација; и
- дигитализирана јавна администрација.

Во Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2026–2028 година и Годишниот план за работа за 2026 година, креирани се програми и потпрограми, коишто се резултат на Процесот на внатрешна реорганизација на Министерството за финансии, која произлегува како обврска од Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023–2030 година, и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
    - Потпрограма: Правни работи
    - Потпрограма: Општи работи
    - Потпрограма: Човечки ресурси
    - Потпрограма: Финансиски прашања

- Потпрограма: Внатрешна ревизија
- Потпрограма: ИК технологија и дигитализација
- Потпрограма: Стратешко планирање
- Потпрограма: Академија за јавни финансии

- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Развојни проекти

- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор, јавен долг и јавни претпријатија**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг
  - Потпрограма: Следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Банкарски институции
  - Потпрограма: Следење и надзор над работата на небанкарските институции
  - Потпрограма: Пазар на капитал
  - Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања
  - Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри
  - Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи
  - Потпрограма: Управување со јавни инвестиции

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор
  - Потпрограма: Државен девизен инспекторат

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

## А. Програми и потпрограми од стратешкиот план на органот на државната управа

| **2.1 ПРОГРАМА: Администрација и поддршка** |
|---|
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и на стартап екосистемот. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:** Административна и информатичка поддршка на Министерството за непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, подготовка за изготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, месечни, квартални и годишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии, Извештај за остварени резултати од спроведувањето на стратешките приоритети, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки, изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и изготвување акти за канцелариско и архивско работење. |
| **Цел на програмата:** Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, постапување по барања на подносителите на барања во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно законските надлежности, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии како и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии, како и спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци од областа на јавните финансии. |
| **Показатели за успешност:**<br>- редовно сервисирање на обврските и изработка на предлог-буџетот на Министерството;<br>- редовно одржување на инфраструктурата за ИКТ;<br>- спроведување постапки за јавни набавки;<br>- навремено одговарање на сите барања во тековната година во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;<br>- извршени ревизии во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија во Министерството за финансии;<br>- навремено и квалитетно изготвени Стратешки план, Годишен план за работа, квартални и полугодишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии, Следење и ажурирање на Законодавната агенда на Владата; |

- воспоставена онлајн платформа, развиени видео упатства и насоки, организирани онлајн обуки, број на објавени блогови, статии и објави, изготвена комуникациска стратегија, одржан годишен состанок „Сите заедно“, реализирани обуки за обучувачи за вработените во Академијата за јавни финансии во областа одржливи финансии и организирани обуки во областа на одржливи финансии.

**2.1.1 ПОТПРОГРАМА: Правни работи**

**Цел на потпрограмата:** Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, донесени решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

| **Показатели за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - реализација на Планот за јавни набавки;<br>- одговорени барања по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; | - реализиран План за јавни набавки за 2025 година<br>- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер | - реализација на Планот за јавни набавки за 2026 година;<br>- донесени решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер; |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| | Реализација на Годишен план за јавни набавки на Министеството за финансииза 2026 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Донесување решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Изготвување Годишен извештај во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Давање мислења по закони, подзаконски акти и други прописи што се во надлежност на Министерството, мислења по законски и подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законите и подзаконските акти во надлежност на Министерството | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Давање одговори на тужби, жалби и други правни лекови, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Изготвување Извештај за реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување на набавки кои се исклучоци од Законот за јавните набавки | | | | | | Сектор за правни работи |
| | Следење и реализација на договори за јавни набавки, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за правни работи |
| | Постаување по доставени барања од организационите единици на Министерството | x | x | x | x | | Сектор за правни работи |

| **2.1.2 ПОТПРОГРАМА: Општи работи** | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Тековно функционирање и одржување на Министерството за финансии | | |
| **Показатели за успешност:**<br>- | **Појдовна основа:**<br>- Договор склучен со СОЗР и анекс-договори склучени со посредување на СОЗР<br>- План за јавни набавки<br>- План и други акти за канцелариско и архивско работење<br>- Закони, подзаконски и други пишани материјали, исклучиво од делокругот на работа на Министерството, за кои има потреба од превод од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- Реализирани договори<br>- Донесени План и други акти за канцелариско и архивско работење за следна година<br>- Донесени решенија за годишна претплата за користење паркинг простор за службени возила<br>- Донесени решенија за право на користење мобилен телефон за службени потреби<br>- Донесени решенија за одобрување на средства за годишен надоместок за лицата ангажирани за ракување со објектите за одмор на Министерството за финансии<br>- Одржување во исправна и функционална состојба на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот)<br>- Преведени закони, подзаконски и други пишани материјали, исклучиво од делокругот на работа на Министерството, од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | | | | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Квартал 1** | **Квартал 2** | **Квартал 3** | **Квартал 4** | | |
| | Следење на Договор склучен со СОЗР за 2026 година и на анекс-договори склучени со посредување на СОЗР за 2026 година (општи и заеднички работи и услуги, фиксна и мобилна телефонија, одржување на хигиена и тековно одржување) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Следење на договори склучени по исклучок од Законот за јавните набавки (користење паркинг простор за службени возила) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Подготовка на акти за канцелариско и архивско работење | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Одбирање и средување на архивскиот материјал и издвојување на документарниот материјал за негово уништување | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Следење на Одлука за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Квартални проверки за користење на службени телефонски броеви | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Преведување закони, подзаконски и други пишани материјали, исклучиво од делокругот на работа на Министерството, од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |
| | Грижа за одржување и техничка исправност на опрема и инвентар во зградата на Министерството | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за општи работи |

**2.1.3 ПОТПРОГРАМА: Човечки ресурси**

**Цел на потпрограмата:** Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии

| **Показатели за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - реализиран Годишен план за вработување<br>- реализиран Годишен план за генерички обуки на административни службеници<br>- реализиран Годишен план за годишни одмори | - Годишен план за вработување<br>- Годишен план за генерички обуки на административни службеници<br>- Годишен план за годишни одмори | - реализирање на Годишниот план за вработување<br>- реализирање на Годишниот план за генерички обуки на административни службеници<br>- реализирање на Годишниот план за годишни одмори |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| | Реализација на Годишен план за вработување | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за управување со човечки ресурси |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реализација на Годишен план за генерични обуки на административни службеници | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за управување со човечки ресурси |
| | Реализација на Годишен план за користење на годишен одмор | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за управување со човечки ресурси |

<table>
<tr><td colspan="8">2.1.4 ПОТПРОГРАМА: Финансиски прашања</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: Редовно сервисирање на обврските спрема давателите на услуги</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Показатели за успешност:<br>- Навремено сервисирање на финансиските обврски на Министерството за финансии во рамки на тековната фискална година, како индикатор за финансиска стабилност и дисциплина.<br>- Навремена подготовка и доставување на Завршната сметка на Министерството, согласно законски утврдени рокови и прописи.<br>- Подготовка на Основно сценарио за приходи и расходи и развој на иницијативи за унапредување на буџетското планирање и управување.<br>- Степен на квалитет и навременост во изготвување на предлог-буџетското барање, мерени преку усогласеност со фискалните упатства и доставување согласно буџетскиот календар.<br>- Степен на реализација на финансискиот план, мерен преку редовна контрола и анализа на распределбата на буџетските средства и нивна ефикасна искористеност во согласност со планираните приоритети.<br>- Навремена и усогласена подготовка на Годишниот финансиски извештај согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор оценета преку почитување на законскиот рок за доставување и усогласеност со важечката регулатива.</td><td colspan="3">Појдовна основа:<br>- Реализацијата на буџетот на Министерството за финансии во претходната фискална година (процентот на реализација на буџетот во 2025 година изнесува 68%, со навремено подмирени обврски во рамки на законските рокови).<br>- Нивото на навремено сервисирани обврски во претходната година.<br>- Роковите и точноста на доставената Завршна сметка и Годишен финансиски извештај.<br>- Степенот на усогласеност на предлог-буџетското барање со фискалните упатства (буџетскиот циркулар).<br>- Реализацијата на финансискиот план и евентуалните отстапувања.</td><td colspan="3">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>- Навремено сервисирање на доспеаните обврски во тековната фискална година.<br>- Подготовка и доставување на Завршната сметка и Годишниот финансиски извештај во законски утврдениот рок.<br>- Подготовка на Основно сценарио за приходи и расходи како основа за буџетско планирање.<br>- Изработка и навремено доставување на предлог-буџетското барање согласно фискалните упатства.<br>- Реализација на финансискиот план во рамки на планираните средства со минимални отстапувања.</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Мерки</th><th rowspan="2">Активности</th><th colspan="4">Временска рамка за спроведување</th><th rowspan="2">Финансиски средства</th><th rowspan="2">Организациски облик/лице</th></tr>
<tr><th>Квартал 1</th><th>Квартал 2</th><th>Квартал 3</th><th>Квартал 4</th></tr>
<tr><td></td><td>Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор за финансиски прашања</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Завршна сметка на Министерството за финансии | X | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Изработка на предлог-буџетот на Министерството за финансии | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Рационално и ефикасно планирање и спроведување на финансискиот план | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |
| | Подготовка и навремено доставување на Годишниот финансиски извештај | | X | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за финансиски прашања |

**2.1.5 ПОТПРОГРАМА: Внатрешна ревизија**

**Цел на потпрограмата:** Извршување на функцијата внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

| Показатели за успешност: | Показатели за успешност: | Показатели за успешност: |
|---|---|---|
| - извршени ревизии во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија во Министерството за финансии | - извршени ревизии во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија во Министерството за финансии | - извршени ревизии во согласност со Годишниот план за внатрешна ревизија во Министерството за финансии |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| | Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор, согласно планот за внатрешна ревизија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |
| | Изготвување годишен извештај за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изготвување стратешки и и годишен план за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во други субјекти согласно надлежностите од Законот за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за внатрешна ревизија |

| **2.1.6 ПОТПРОГРАМА: ИК технологија и дигитализација** | | |
|---|---|---|
| **Цел на потпрограмата:** Континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002: 2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | |
| **Показатели за успешност:**<br>- редовно одржување на инфраструктурата за ИКТ<br>- одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | **Појдовна основа:**<br>- добрите практики на одржување на инфраструктурата за ИКТ | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:**<br>- континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| | Континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Развој и имплементација на современ Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии - ИФМИС | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |
| | Услуга за управување со Компјутерска безбедност со што дополнително ќе се провери безбедноста на системот за ИКТ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор за ИТ технологија и дигитализација |

**2.1.7 ПОТПРОГРАМА: Стратешко планирање**

**Цел на потпрограмата:** Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии

| **Показатели за успешност:** | **Појдовна основа:** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:** |
|---|---|---|
| - навремено и квалитетно подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии и навремена реализација на истите | - Стратешки план за 2026–2028 година<br>- Годишен план за работа за 2026 година | - реализиран Стратешки план за 2026–2028 година<br>- реализиран Годишен план за работа на МФ за 2026 година |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Стратешки план на Министерството за финансии на среден рок | Подготовка на Нацрт-стратешки план на МФ и креирање програми, потпрограми и проекти | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Доставување на Нацрт-стратешкиот план до ГС на Владата на РСМ | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Подготовка на Извештај за остварените резултати во функција на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Годишен план за работа на Министерството за финансии | Подготовка на Годишен план за работа на МФ | X | X | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Донесување и објавување на Годишниот план за работа на веб-страницата на МФ | X | X | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Следење и известување за спроведувањето на Годишниот план за работа на МФ (периодични извештаи) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2025 година | Подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Доставување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа до ГС на ВРСМ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Објавување на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на МФ | X | | | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| ПГПРВРСМ за 2027 година | Предлог-иницијативи од МФ за подготовка на Годишната програма за работа на Владата за наредната година | | | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Следење и ажурирање на Законодавниот преглед на Владата за периодот 1.1.2026–30.12.2026 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во периодот 2027–2031 година | Предлог-стратешки приоритети и цели на МФ за подготвување на Одлуката на Владата за наредната година | X | | | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |
| | Обезбедување мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на Одделението за стратешко планирање | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Одделение за стратешко планирање |

<table>
<tr><td colspan="8">2.1.8 ПОТПРОГРАМА: Академија за јавни финансии</td></tr>
<tr><td colspan="8">Цел на потпрограмата: Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии</td></tr>
<tr><td colspan="3">Показатели за успешност:<br>- ревидирана и донесена Методологија за работа на АЈФ,<br>- донесена Методологија за програма за обуки на раководни службеници,<br>- донесена Стратегија за развој на капацитети на АЈФ,<br>- донесен Прирачник за обучувачи, развиени наставни програми во согласност со ГПО,<br>- воспоставена Заедница на обучувачи,<br>- изготвена анализа за воведување на онлајн платформа за учење,- организирани онлајн обуки,<br>- број на објавени блогови, статии и објави,<br>- отворен Линкедин профил на АЈФ,<br>- изработена и објавена официјална брошура на АЈФ,<br>- реализирана медиумска кампања за промоција на АЈФ, одржан годишен состанок „Сите заедно“,<br>- изработен полугодишен извештај за мониторинг на активностите на АЈФ,<br>- донесен извештај од спроведената анализа за потребите за обуки во областа на јавните финансии,<br>- донесена Годишна програма за обука од областа на јавните финансии за 2027 година,<br>- број на реализирани обуки согласно Годишната програма за обука за 2026 година,<br>- број на реализирани тематски и ад-хок обуки за спроведување на реформите во јавните финансии,<br>- реализирани обуки за обучувачи за вработените во Академијата за јавни финансии во областа одржливи финансии и<br>- организирани обуки во областа на одржливи финансии.</td><td colspan="3">Појдовна основа:<br>- обезбедување континуирана едукација на јавната администрација во областа на управувањето со јавните финансии и создавање модерна и компетентна администрација за давање квалитетни и брзи услуги за граѓаните и бизнисите</td><td colspan="2">Планиран резултат (одредница) на годишно ниво:<br>- изготвена анализа за воведување на онлајн платформа<br>- објавени блогови, статии и објави<br>- изготвена комуникациска стратегија<br>- реализиран состанок со засегнатите страни “Сите заедно“<br>- ревидирана и донесена Методологија за работа на АЈФ,<br>- донесена Методологија за програма за обуки на раководни службеници,<br>- донесена Стратегија за развој на капацитети на АЈФ,<br>- донесен Прирачник за обучувачи,<br>- воспоставена Заедница на обучувачи</td></tr>
<tr><th rowspan="2">Мерки</th><th rowspan="2">Активности</th><th colspan="4">Временска рамка за спроведување</th><th rowspan="2">Финансиски средства</th><th rowspan="2">Организациски облик/лице</th></tr>
<tr><th>Квартал 1</th><th>Квартал 2</th><th>Квартал 3</th><th>Квартал 4</th></tr>
<tr><td>1. Континуирани активности на Секторот</td><td>1. Изготвување Извештај по спроведена анализа за потребата од обука</td><td></td><td></td><td>X</td><td></td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор - Академија за јавни финансии</td></tr>
<tr><td></td><td>2. Изготвување и донесување Годишна програма за обуки за 2027 година</td><td></td><td></td><td></td><td>X</td><td>Обезбедени со буџетска програма 1.10.1</td><td>Сектор - Академија за јавни финансии</td></tr>
</table>

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Развој и реализација на обуки согласно Годишната програма за обука од областа на јавните финансии за 2026 година | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 4 Организирање и спроведување на тематски и ад-хок обуки и обезбедување стручна поддршка за спроведување на реформите во јавните финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| 2. Дигитално присуство на Академијата за јавни финансии | 1. Изготвување на анализа за воведување на онлајн платформа за учење | | | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 2. Присутност на социјалните медиуми за зголемена транспарентност и едукација во јавните финансии | | | X | | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| 3. Одржливи финансии во јавниот сектор | 1. Обука за обучувачи (одржливи финансии) за вработените во Академијата за јавни финансии | | | | X | Донатори | Сектор - Академија за јавни финансии |
| 4. Јакнење на институционалниот и организацискиот капацитет на Академијата за јавни финансии | 1. Ревидирање на Методологијата за работа на Академијата за јавни финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 2. Развој на Методологија за програма за обуки за раководни службеници | X | X | X | X | Донатори | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 3. Изработка на Стратегија за развој на капацитети на Академијата за јавни финансии | X | X | X | X | Донатори | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 4. Развој на Прирачник за обучувачи | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 5. Развој на наставни програми согласно Годишната програма за обука од областа на јавни финансии во соработка со експерти | X | X | X | X | Донатори | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 6. Воспоставување и развој на „заедница на обучувачи“ | X | X | X | X | Донатори | Сектор - Академија за јавни финансии |
| 5. Зајакнување на комуникациските и капацитетите за видливост на Академијата за јавни финансии | 1. Управување со комуникациските активности, веб-содржините и јавната видливост на Академијата за јавни финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Отварање на независен професионален Линкедин профил на Академијата за јавни финансии | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 3. Дизајнирање и изработување на официјална брошура на Академијата за јавни финансии (печатена и дигитална) | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| | 4. Започнување и спроведување на медиумска кампања „Мојата кариера: Паметни финансии за паметен раст“ | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |
| 6. Воспоставување и имплементација на интегриран систем за мониторинг и евалуација | 1. Изработка на полугодишен извештај за мониторинг | X | X | X | X | Обезбедени со буџетска програма 1.10.1 | Сектор - Академија за јавни финансии |

| **2.2 ПРОГРАМА: Економска политика и развој** |
|---|
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**<br>- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандрад, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>- интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;<br>**Приоритетна цел:**<br>- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата. |
| **Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на органот на државната управа:**<br>- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата; |
| **Цел на програмата:**<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе доведе до подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија. |
